МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 16-г ставови (3) и (8) од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/10, бр.53/11, 55/12 и 106/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КОНТРОЛНАТА МАРКА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА КОНТРОЛНАТА МАРКА, НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ, ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ИЗДАДЕНИ И ИСКОРИСТЕНИ КОНТРОЛНИ МАРКИ ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА БРАШНОТО КОЕ СЕ СТАВА ВО ПРОМЕТ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за издавање на контролната марка, формата и содржината на контролната марка, начинот на нејзиното издавање, како и формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за издадени и искористени контролни марки за означување на брашното кое се става во промет.

## Член 2

Барањето за издавање на контролната марка за означување на брашното се печати во А4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Контролната марка тип А за пакувањата од 1, 2, 5, 10 и 20 килограми и за непакувано брашно, односно брашно кое е во рефусна состојба е во правоаголна форма со димензии 2 х 4 cm.

Формата и содржината на контролната марка тип А се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 4

Контролната марка тип Б за пакувањата од 25, 50 и поголеми од 50 килограми е во правоаголна форма со димензии 7 х 11 cm.

Формата и содржината на контролната марка тип Б се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Врз основа на барањето за издавање на контролни марки за означување на брашното кое се става во промет, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на операторот со брашно кој ги исполнува условите за ставање во промет на брашното му издава контролни марки.

Неискористените контролни марки операторот со брашно треба да ги врати со записник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 6**

Евиденцијата за издадени и искористени контролни марки се води во пишана или електронска форма.

Формата и содржината на евиденцијата за издадени и искористени контролни марки се дадени во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 октомври 2013 година.

Бр.02-17008/3 | Министер за земјоделство,
7 август 2013 година | шумарство и водостопанство,
Скопје | Љупчо Димовски, с.р.

Прилог 1


**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Адреса: Аминта Трети бр. 2, 1000 Скопје; тел: +389 2 3134 447
маил: info@mzsv.gov.mk; веб: www.mzsv.gov.mk


## *Барање за издавање на контролни марки за брашно*

**Полн назив и адреса на операторот со брашно:**

**Адреса на седиштето на складот:**

**Тел/Факс:**

**Е - пошта:**

**ЕМБГ на физичко лице:**

**ЕМБС на правниот субјект:**

**ЕДБ на правниот субјект:**

**Големина на претпријатие:** ☐микро ☐мало ☐средно ☐големо

**Шифра на дејност:**

**Вкупен број на вработени:**

**Име и презиме на Управител:**

**Лице за контакт:**

**Контакт телефон на лицето:**

**Контакт адреса за е - пошта:**

**Тип на брашно:**

**Предвидени потреби за производство на брашно (од ___ ден до ____ ден):**

**Предвиден увоз на брашно (од ___ ден до ___ ден:**

**Големина на пакување, број на пакувања, денари/марка и вкупно денари:**

| Големина на пакување | Број на пакувања | Денари/марка | Вкупно денари |
|---|---|---|---|
| **1** кг. | | | |
| **2** кг. | | | |

Прилог 2




Прилог 3



Прилог 4

Евиденција за издадени и искористени контролни марки за означување на брашно за период од ____________ до ________________

Оператор со брашно ________________________________________
(назив и седиште)

| Ред. Бр. | Издадени марки | | | Искористени марки (тип и Сериски број) | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Големина на пакување во кгр. | Тип на Издадени марки и сериски број | | | |
| | | тип | Сериски број | тип | Сериски број |
| | | | | | |
| | | | | | |

Место и датум
______________

Потпис на одговорното лице
____________________________